Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со алинеја 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), член 121 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ“ бр.124/15) и член 42 став 1 од Законот за управни спорови („Службен весник на РСМ“ бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-140 од 17.04.2024 г., за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г. („Службен весник на РСМ“ бр.67/24), а согласно Заклучокот, арх.бр.02-1926/2 од 18.04.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 17-та седница одржана на 18.04.2024 г. донесе

## ОДЛУКА

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Одлуката, Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, најдоцна до 26.04.2024 г., да ги исполни следниве финансиски и други обврски, и тоа:
   - да ги плати трошоците во износ од 3.287,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. во („Службен весник на РСМ” бр.67/24) – по Фактура бр.3050-6849/27 од 27.03.2024 г. (наш арх.бр.05-1528/1 од 28.03.2024 г.);
   - да ги плати трошоците во износ од 3.287,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. во Службен весник на РСМ;
   - да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ (испратена по пошта на 12.04.2024 г.) преку полномошник адвокат Бењамин Селими од Гостивар, против Агенцијата за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г.

3. Оваа одлука стапува во сила на ден 26.04.2024 г., под услов ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, навремено да ги исполни сите финансиски и други обврски, содржани во точка 2 од оваа Одлука, кон Агенцијата и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку радиодифузерот ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, не ги исполни обврските содржани во точка 2 од оваа Одлука во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г. и Фактурата за надоместокот за дозволата за радио емитување, бр.2024-100-0098 од 19.03.2024 г. (арх.бр.05-1287/1 од 19.03.2024 г.), која е издадена врз основа на оваа Одлука.

4. По стапувањето во сила на оваа Одлука, ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, се запишува во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. Оваа Одлука се објавува во „Службен весник на РСМ", и на веб страницата на Агенцијата.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата на 10-та седница одржана на 14.03.2024 г., согласно Заклучокот, бр.0201-1235/2 од 15.03.2024 г., донесе Одлука Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г. („Службен весник на РСМ" бр.67/24), поради тоа што не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок.

На ден 20.03.2024 г. до Агенцијата од страна на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, беше доставено Известување со прилог уплатница за извршена уплата по Фактура, бр.2024-100-0051 од 11.01.2024 г. (арх.бр.0503-225/1 од 11.01.2024 г.), во износ од 32.084,00 (триесет и две илјади осумдесет и четири) денари, во кое наведе дека во целост ја исполнил својата обврска за плаќање на надоместокот за дозволата за радио емитување, согласно доставената фактура. Радиодифузерот по повод извршената уплата на надоместокот, на официјалната електронска адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk) достави две Известувања од 21.03.2024 г. (наш арх.бр.05-1347/1) и од 16.04.2024 г. (наш арх.бр.05-1347/2), во кои наведе дека се согласни да ги надоместат трошоците во вкупен износ од 6.574,00 денари за објава на Одлуката за одземање на дозволата и Одлуката за поништување на Одлуката за одземање на дозволата во Службен весник на РСМ, како и дека ќе поведат управен спор пред надлежен суд, за што примерок од тужбата ќе достават до Агенцијата.

За погоренаведеното, од страна на Секторот за финансии и логистика до Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, беше доставено Известување за извршена уплата за надоместокот за дозволата од ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, арх.бр.05-1757/1 од 02.04.2024 г.

Во меѓувреме, на официјалната електронска адреса на Агенцијата (contact@avmu.mk), на 16.04.2024 г., од страна на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, беше доставена копија од Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ преку полномошник адвокат Бењамин Селими од Гостивар, против Агенцијата за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г.

Согласно законската можност содржана во член 121 од Законот за општа управна постапка и член 42 став 1 од Законот за управните спорови, ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, најдоцна до 26.04.2024 г., треба да ги исполни следниве финансиски и други обврски, и тоа:

- да ги плати трошоците во износ од 3.287,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г., во („Службен весник на РСМ" бр.67/24) – по Фактура бр.3050-6849/27 од 27.03.2024 г. (наш арх.бр.05-1528/1 од 28.03.2024 г.);
- да ги плати трошоците во износ од 3.287,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. во Службен весник на РСМ;

- да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ (испратена по пошта на 12.04.2024 г.) преку полномошник адвокат Бењамин Селими од Гостивар, против Агенцијата за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г.

Доколку радиодифузерот ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, не ги исполни наведените обврски, во утврдениот рок останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. („Службен весник на РСМ" бр.67/24) и Фактурата за надоместокот за дозволата за радио емитување, бр.2024-100-0098 од 19.03.2024 г. (арх.бр.05-1287/1 од 19.03.2024 г.) која е издадена врз основа на оваа Одлука.

Имајќи предвид дека ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, со уплатата од 20.03.2024 г., со износ од 32.084,00 (триесет и две илјади осумдесет и четири) денари, во целост ја исполнил својата обврска за плаќање на надоместокот за дозволата за радио емитување, престанал да постои основот – неплаќање на надоместокот во законски утврдениот рок пропишан во член 82 став 1 алинеја 6 од ЗАВМУ, врз основа на кој Советот на Агенцијата, донел одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

Согласно член 121 од Законот за општата управна постапка и член 42 став 1 од Законот за управни спорови, Советот на Агенцијата, го усвои Предлогот Уп1 бр.08-140 од 17.04.2024 г., на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г. и на 17-та седница, одржана на ден 18.04.2024 г., со Заклучок арх.бр.02-1926/2 од 18.04.2024 г., донесе Одлука со која се пристапи кон поништување на Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.0802-89 од 15.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, Уп1 бр.08-95 од 07.09.2023 г. („Службен весник на РСМ" бр.67/24).

Согласно член 24 од ЗАВМУ, оваа Одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

Врз основа на погоренаведеното, се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука, ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар;
- Управителот на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Агенцијата за електронски комуникации и
- Архивата на Управен суд на РСМ.